ГРАД СКОПЈЕ - QYTETI I SHKUPIT
Бр. Nr. 08-9290/2
07. 08. 2026
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 4 од Правилникот за начинот, условите, критериумите и постапката за доделување на финансиски средства за спроведување на настани, фестивали, манифестации, проекти и проектни активности од областа на локалниот економски развој бр.08-775/1 од 26.01.2026 година, а во врска со Програмата за активности од областа на локалниот економски развој на Град Скопје за 2026 година („Службен гласник на Град Скопје" бр.14/25, 3/26 и 6/26), Град Скопје објавува:

**Јавен повик**
**за доделување на финансиски средства за реализација на манифестацијата "Скопски Џез Фестивал"**

## 1. ПРЕДМЕТ

1.1. Предмет на Јавниот повик е доделување на финансиски средства за реализација на манифестацијата "Скопски Џез Фестивал" со цел развој, промоција, поддршка и унапредување на туризмот и угостителството од исклучително значење за градот Скопје за 2026 година.

## 2. ПРАВО НА УЧЕСТВО НА ЈАВНИОТ ПОВИК

2.1.Право на учество на јавниот повик имаат сите здруженија на граѓани, фондации, федерации, установи, трговски друштва агенции специјализиани за "Mistery shopping" и маркетинг агенции, занаетчиска комора,здруженија на граѓани и клубови регистрирани во Централен регистар на Република Северна Македонија со седиште во Скопје, согласно Закон за здруженија и фондации и Закон за трговски друштва.

## 3. НАЧИН НА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВА

3.1.Финансиските средства за реализација на манифестацијата "Скопски Џез Фестивал" се обезбедени во Буџетот на Град Скопје за 2026 година.

3.2. Користењето на доделените финансиски средства ќе биде уредено со договор склучен помеѓу Град Скопје и апликантот кој ги исполнува основните услови и посебните критериуми утврдени во Правилникот за начинот, условите, критериумите и постапката за доделување на финансиски средства за спроведување на настани, фестивали, манифестации, проекти и проектни активности од областа на локалниот економски развој.

## 4. ОСНОВНИ И ПОСЕБНИ КРИТЕРИУМИ

4.1. Основните и посебните критериуми и начин на бодување за избор на апликантите се предвидени во Правилникот за начинот, условите, критериумите и постапката за доделување на финансиски средства за спроведување на настани, фестивали, манифестации, проекти и проектни активности од областа на локалниот економски развој бр 08-775/1 од 26.01.2026 година објавен на веб страницата на Град Скопје.

## 5. ПОТРЕБНА ДОКУМЕНТАЦИЈА КОЈА АПЛИКАНТОТ ТРЕБА ДА ЈА ДОСТАВИ КОН ПРИЈАВАТА

5.1.За учество на Јавниот повик, апликантот задолжително треба да ја достави следнава документација:

- Пополнета пријава со печатни букви на кирилично писмо, потпишана од надлежното лице и заверена со печат на апликантот (пријавата ќе биде објавена на веб-страница на Град Скопје: www.skopje.gov.mk);
- Тековна состојба од Централен Регистар на Република Северна Македонија или Решение за регистрација на правното лице со седиште во Скопје;
- Потпишана изјава за подмирени обврски кон Град Скопје (данок, комунална такса);
- Потврда дека нема забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно приватно партнерство (Централен регистарна Република Северна Македонија);
- Изготвен предлог- проект со печатни букви на кирилично писмо;
- Пополнет финансиски план со печатни букви на кирилично писмо.

## 6. ПРИДРУЖНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

6.1.Апликантите во прилог треба да ја достават следнава документација:
- професионална биографија на стручните лица кои ќе бидат ангажирани во реализација на манифестацијата,
- професионално портфолио – опис за организациско искуство и вештини,
- најмалку две мислења/референци од партнери или донатори за реализација на претходни манифестации,
- писмена поддршка од други организации или институции за кои е планирано да земат учество во реализацијата на манифестацијата и
- маркетинг план на манифестацијата.

## 7. НАЧИН НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

7.1. За утврдување на исполнувањето на основните услови и посебните критериуми утврдени во Правилникот, за доделување на финансиски средства за реализација на манифестацијата **"Скопски Џез Фестивал",** Градоначалникот на Град Скопје формира Комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на финансиски средства за реализација на манифестацијата "Скопски Џез Фестивал". (Во понатамошниот текст: Комисијата).

7.2. Пријавите кои се некомплетни, ненавремени, и не ги исполнуваат условите и критериумите согласно член 11 од Правилникот за начинот, условите, критериумите и постапката за доделување на финансиски средства за спроведување на настани, фестивали, манифестации, проекти и проектни активности од областа на локалниот економски развој бр.08-775/1 од 26.01.2026 , Комисијата ги отфрла со Заклучок

7.3. За пријавите кои се комплетни, навремени и ги исполнуваат основните услови и посебните критериуми утврдени во Правилникот, Комисијата дава предлог до Градоначалникот за избор на апликант за доделување на финансиски средства за реализација на манифестацијата.

7.4. Градоначалникот на Град Скопје, во рок од 15 дена од денот на донесување на предлогот на Комисијата донесува Решение за доделување на финансиски средства за реализација на манифестацијата “Скопски Џез Фестивал”.

***Напомена:***

- ***Пријавите со непотполна документација или кои што ќе бидат доставени по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат! Доставените прилози не се враќаат.***
- ***Секој апликант може да поднесе само една пријава по објавен јавен повик.***

## 8. РОК И НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПРИЈАВИТЕ

8.1. Рок за поднесување на пријавите е 5 (пет) дена од денот на објавување на Јавниот повик.
8.2Пријавата доделување на финансиски средства за реализација на фестивал **“Скопски Џез Фестивал“** со целокупната документација треба да се достави во затворен коверт преку Архивата на Град Скопје, секој работен ден или на адреса: **Град Скопје, Сектор за локален економски развој, бул. “Илинден“ бр.82, 1000 Скопје** (со назнака - Сектор за локален економски развој – Пријава за јавен повик за доделување на финансиски средства за реализација на манифестацијата “**Скопски Џез Фестивал“**

8.3.Апликантите на јавниот повик ќе бидат известени писмено за резултатите во рок од 15 дена од денот на завршување на Јавниот повик.

8.4.Целокупната документација, пријавата за финансиска поддршка, содржината, условите, основни/посебни критериуми (прилог кон пријавата) и финансискиот план за проектот се достапни во просториите на Град Скопје, Сектор за локален економски развој, барака бр.6, секој работен ден и на веб- страница на Град Скопје: www.skopje.gov.mk.

8.5.Прашања за појаснување може да се поставуваат писмено или по електронски пат до Сектор за локален економски развој.
Контакт тел: (02)3297-284 и е-маил адреса:Rukije.Zekiri@skopje.gov.mk ; Biljana.Stojmanovska@skopje.gov.mk

**ГРАД СКОПЈЕ**